# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО ЗА 2023 година

Февруари 2024

Содржина :

- Вовед
- Завршна сметка на Општина Чучер Сандево
- Извештај за средствата, побарувањата, обврските и изворите на средствата и нивната вредност
- Извештаја за користење на средствата од резервите
- Прилози

- Биланс на приходи и расходи
- Биланс на состојба

# 1.ВОВЕД

## 1.1 ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО

Тертиторијата на Општината Чучер Сандево зафаќа површина од 253 km2 со кои се вбројува во редот на средноголемите целини на нашава земја. Во склоп на општината влегуваат 13 населени места: Побожје, Кучевиште, Мирковци, Брест, Танушевци, Глуво, Бразда, Горњани, Бањани, Блаце, Сандево, Чучер и Бродец. Вкупниот број на населението изнесува 9.200 жители кои се со мешан етнички состав. За разлика од 1994 година, согласно пописот од 2002 населението е зголемено за 2241 или повеќе од 20%. Според пописот од 2021 најголема населба е Кучевиште со 4.119 жители односно 45,0% од вкупниот број жители во Општината. Во однос на националната припадност: Македонци-5.032, Срби-1.932, Албанци-1224, Роми-23, Бошњаци-84, Власи-16, Турци – 14. и останато -111, Од административни извори превземени податоци за 764 лица. Оваа Општина се граничи со општините Ѓорче Петров, Шуто Оризари, Бутел, Липково. Во крајниот југозападен дел води главниот пат од Скопје преку Качаник за Приштина, а со градот Скопје се поврзува преку повеќе локални патишта.

Во рамки на Општината влегуваат и неколку основни училишта: ООУ “Александар Урдаревски” во Сандево, ООУ “Кирил И Методиј” во Кучевиште со подрачна единица во Побожје и ООУ “Михаљ Грамено” во Брест со подрачни училишта во Малино, Танушевци, Горно Блаце и Долно Блаце.

Амбуланта има во едно населено место, пошта, спортски аеродром Стенковец, Јавно Комунално претпријатие основано од Општината, Детска градинка исто така основана од Општината.

## 1.2 **НАДЛЕЖНОСТ**

Општината самостојно, во рамките на законот и Статутот ги уредува и врши работите од јавен интерес од локално значење, утврдени со Законот за Локална самоуправа, или друг закон.

Надлежности, односно работи од јавен интерес од локално значење се:

- Урбанистичко планирање, издавање на одобрение за градење на објекти од локално значење, уредување на просторот и на градежното земјиште;
- Заштита на животната средина и природата, со преземање на мерки за заштита и спречување од загадување на водата, воздухот, земјиштето;
- Локален економски развој, водење на локална економска политика;
- Комунални дејности, пред се снабдување со вода за пиење, испорака на технолошка вода, пречистување на отпадни води, јавно осветлување, одржување на јавна чистота,собирање, транспортирање на комунален цврст и технолошки отпад, изградба, одржување и реконструкција на локални патишата и друг вид комунални дејности;
- Култура, преку институционална и финансиска поддршка на културните установи и проекти;
- Образование, основање, финансирање и администрирање на основни и средни училишта, во соработка со централната власт;
- Социјална и детска заштита, изградба и одржување на детски градинки и домови за стари, социјална грижа за инвалидните лица, деца со посебни потреби, деца без родители и друго;
- Заштита и спасување на граѓаните и материјалните добра од воени разузнувања,природни непогоди;
- Надзор над вршењето на работите од нејзината надлежност.

## **1.3 БУЏЕТ И ОДЛУКА ЗА ИЗВРШУВАЊЕ НА БУЏЕТОТ НА ОПШТИНАТА**

Основните претпоставки за подготвување на Буџетот на Општина Чучер Сандево претставуваат законските и подзаконските прописи со кои се уредени правата, обврските и надлежностите на Општината Чучер Сандево (Законот за локална самоуправа, Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа, Законот за буџетите),макроекономските индикатори, фискалната политика на Владата на Република Северна Македонија, вклучувајќи ги и основните насоки за подготовка на Буџетот за 2023 година добиени од Министерството за Финансии на Република Северна Македонија. Буџетот на Општина Чучер Сандево за 2023 година е донесен од Советот на Општина Чучер Сандево на 19та седница одржана на ден 28.12.2022 година , заедно со Одлуката за извршување на буџетот на Општина Чучер Сандево за 2023 година.

Во текот на 2023 година донесени се три измени на распоредот на средствата на Буџетот на општината

Во текот на 2023 година донесени се три измени на распоредот на средствата на Буџетот на општината. Одлуките се донесени на 23[а] седница на Советот на Општина Чучер Сандево одржана на 28.04.2023 година, на 31[ва] седница на Советот на Општина Чучер Сандево одржана на 14.12.2023 година, и на 32[ра] едница на Советот на Општина Чучер Сандево одрана на 28.12.2023 година.

## 2. ЗАВРШНА СМЕТКА

# БИЛАНС НА ПРИХОДИ ПО ЗАВРшНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| Категорија Ставка | О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | **114.587.000** | **152.490.862** | **2.793.000** | **1.601.260** | **89.184.000** | **87.070.894** | **693.000** | **243.530** | **0** | **0** | **207.257.000** | **241.406.546** |
| | | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| **71** | **ДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | 66.045.000 | 58.608.658 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 66.045.000 | 58.608.658 |
| 711 | Данок од доход, од добивка и од капитални добивки | 2.590.000 | 3.411.464 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.590.000 | 3.411.464 |
| 713 | Даноци на имот | 36.610.000 | 33.361.295 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 36.610.000 | 33.361.295 |
| 717 | Даноци на специфични услуги | 26.775.000 | 21.788.497 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 26.775.000 | 21.788.497 |
| 718 | Такси на користење или дозволи за вршење на дејност | 70.000 | 47.402 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 70.000 | 47.402 |
| **72** | **НЕДАНОЧНИ ПРИХОДИ** | 670.000 | 794.607 | 2.793.000 | 1.601.260 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 3.463.000 | 2.395.867 |
| 722 | Глоби, судски и административни такси | 600.000 | 627.429 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 600.000 | 627.429 |
| 723 | Такси и надоместоци | 0 | 0 | 2.486.000 | 1.601.260 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.486.000 | 1.601.260 |
| 725 | Други неданочни приходи | 70.000 | 167.178 | 307.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 377.000 | 167.178 |
| **73** | **КАПИТАЛНИ ПРИХОДИ** | 6.830.000 | 5.121.974 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.830.000 | 5.121.974 |
| 733 | Продажба на земјиШте и нематеријални вложувања | 6.830.000 | 5.121.974 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 6.830.000 | 5.121.974 |
| **74** | **ТРАНСФЕРИ И ДОНАЦИИ** | 41.042.000 | 87.965.623 | 0 | 0 | 89.184.000 | 87.070.894 | 693.000 | 243.530 | 0 | 0 | 130.919.000 | 175.280.047 |
| 741 | Трансфери од други нивоа на власт | 41.042.000 | 87.965.623 | 0 | 0 | 89.184.000 | 87.070.894 | 0 | 0 | 0 | 0 | 130.226.000 | 175.036.517 |
| 742 | Донации од странство | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 693.000 | 243.530 | 0 | 0 | 693.000 | 243.530 |

1

# БИЛАНС НА РАСХОДИ ПО ЗАВРшНА СМЕТКА

## Ниво на: Ставка

| Категорија Ставка / О П И С | Буџетска сметка | | Самофинансирачка сметка | | Сметка на дотации | | Сметка на донации | | Сметка на кредити | | ВКУПНО | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | План | Реализ. | Буџет | Реализ. |
| | 114.587.000 | 76.853.805 | 2.793.000 | 1.044.766 | 89.184.000 | 87.070.894 | 693.000 | 203.408 | 0 | 0 | 207.257.000 | 165.172.873 |
| **40 ПЛАТИ И НАДОМЕСТОЦИ** | 16.875.000 | 16.471.328 | 0 | 0 | 67.815.000 | 67.246.129 | 0 | 0 | 0 | 0 | 84.690.000 | 83.717.457 |
| 401 Основни плати | 9.980.000 | 9.721.806 | 0 | 0 | 47.858.000 | 47.560.202 | 0 | 0 | 0 | 0 | 57.838.000 | 57.282.008 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување | 3.775.000 | 3.631.982 | 0 | 0 | 18.627.000 | 18.435.927 | 0 | 0 | 0 | 0 | 22.402.000 | 22.067.909 |
| 404 Надоместоци | 3.120.000 | 3.117.540 | 0 | 0 | 1.330.000 | 1.250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.450.000 | 4.367.540 |
| **41 РЕЗЕРВИ И НЕДЕФИНИРАНИ РАСХОДИ** | 430.000 | 331.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 430.000 | 331.000 |
| 412 Постојана резерва (непредвидливи расходи) | 300.000 | 250.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 250.000 |
| 413 Тековни резерви (разновидни расходи) | 130.000 | 81.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 130.000 | 81.000 |
| **42 СТОКИ И УСЛУГИ** | 26.583.000 | 23.038.077 | 2.793.000 | 1.044.766 | 21.369.000 | 19.824.765 | 693.000 | 203.408 | 0 | 0 | 51.438.000 | 44.111.016 |
| 420 Патни и дневни расходи | 100.000 | 32.216 | 0 | 0 | 3.000 | 2.900 | 314.000 | 199.000 | 0 | 0 | 417.000 | 234.116 |
| 421 Комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 7.125.000 | 6.945.777 | 138.000 | 10.607 | 4.862.000 | 4.104.114 | 0 | 0 | 0 | 0 | 12.125.000 | 11.060.498 |
| 423 Материјали и ситен инвентар | 796.000 | 592.249 | 1.820.000 | 835.340 | 1.472.000 | 1.406.281 | 154.400 | 2.881 | 0 | 0 | 4.242.400 | 2.836.751 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 12.189.000 | 9.538.404 | 75.000 | 21.240 | 11.601.000 | 10.976.909 | 0 | 0 | 0 | 0 | 23.865.000 | 20.536.553 |
| 425 Договорни услуги | 1.058.000 | 870.356 | 105.000 | 80.000 | 2.809.000 | 2.727.017 | 193.500 | 1.527 | 0 | 0 | 4.165.500 | 3.678.900 |
| 426 Други тековни расходи | 1.315.000 | 1.059.075 | 655.000 | 97.579 | 622.000 | 607.544 | 31.100 | 0 | 0 | 0 | 2.623.100 | 1.764.198 |
| 427 Привремени вработувања | 4.000.000 | 4.000.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 4.000.000 | 4.000.000 |
| **45 КАМАТНИ ПЛАЌАЊА** | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 300.000 |
| 452 Каматни плаќања кон домашни кредитори | 300.000 | 300.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 300.000 | 300.000 |
| **46 СУБВЕНЦИИ И ТРАНСФЕРИ** | 2.924.000 | 1.991.052 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.924.000 | 1.991.052 |
| 463 Трансфери до невладини организации | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 464 Разни трансфери | 2.924.000 | 1.991.052 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 2.924.000 | 1.991.052 |
| **48 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ** | 62.075.000 | 29.322.348 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 62.075.000 | 29.322.348 |
| 480 Купување на опрема и машини | 1.160.000 | 1.155.762 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 1.160.000 | 1.155.762 |
| 482 Други градежни објекти | 60.800.000 | 28.103.586 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 60.800.000 | 28.103.586 |
| 483 Купување на мебел | 15.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 15.000 | 0 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 100.000 | 63.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 100.000 | 63.000 |
| 486 Купување на возила | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| **49 ОТПЛАТА НА ГЛАВНИЦА** | 5.400.000 | 5.400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.400.000 | 5.400.000 |
| 493 Отплата на главнина до други нивоа на власт | 5.400.000 | 5.400.000 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 | 5.400.000 | 5.400.000 |

1

## 2.1. ПРИХОДИ НА ОПШТИНАТА

Приходите на Општина Чучер Сандево во 2023 година се во вкупен износ од 241,406.546.00 денари. Од вкупно остварените приходи на Општина Чучер Сандево 63,17% се приходи на основниот буџет, 36,07% се приходи на буџетот на блок дотации, 0,66% се приход на буџетот од самофинансирачки активности и 0,10% се приходи на буџетот на донации.

СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ НА БУЏЕТ 2023

| | | |
|---|---|---|
| Основен буџет | 152.490.862,00 | 63,17% |
| Самофинан.актив. | 1.601.260,00 | 0,66% |
| Блок дотации | 87.070.894,00 | 36,07% |
| Донации | 243.530,00 | 0,10% |
| ВКУПНО | 241.406.546,00 | |

Табела бр. 1




Графикон бр.1 Вкупни приходи по сметки

Општина Чучер Сандево приходите ги остварува од неколку извори на приходи и тоа :

- Даночни приходи
- Неданочни приходи
- Капитални приходи
- Дотации од ДДВ
- Трансфери

## СТРУКТУРА НА ПРИХОДИ - ОСНОВЕН БУЏЕТ

| | | |
|---|---|---|
| Даночни приходи | 58.608.658,00 | 38% |
| Неданочни приходи | 794.607,00 | 0,52% |
| Капитални приходи | 5.121.974,00 | 3,36% |
| Дотации од ДДВ | 24.528.955,00 | 16,09% |
| Трансфери | 63.436.668,00 | 41,60% |
| ВКУПНО | 152.490.862,00 | |

Табела бр.2




Графикон бр. 2 Вкупни приходи – Основен Буџет

Остварените вкупни приходи за 2023 година графички се прикажани на графикон бр.2 . Од наведениот графикон можеме да заклучиме дека во остварувањето на вкупните приходи најголем дел завземаат трансферите со 41,60%, потоа даночните приходи со 38%, потоа следуваат дотациите од ДДВ со 16,09%, капиталните приходи со 3,36%,и неданочните приходи со 0,52%. Според погоре наведеното можеме да заклучиме дека Општина Чучер Сандево извршувањето на своите надлежности го остварува со финансирање од изворни приходи т.е. изворните приходи учествуваат со 42 % во вкупниот буџет наспроти 57,69% од трансфери и дотации кој процент се должи на добиени средства за реализирање на капитален проект за решавањее на горливо прашање за шителите на Кучевачка Бара – изградба на пречистителна станица.

| 71 | | 2023 | 2022 | 2021 | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 711 | Данок на доход | 3.411.464,00 | 1.953.315,00 | 1.423.352,00 | 1.296.505,00 | 1.117.541,00 |
| 7131 | Данок на имот | 4.913.419,00 | 3.579.228,00 | 4.002.393,00 | 3.749.276,00 | 3.262.373,00 |
| 7132 | Данок на наследство и подарок | 4.660.321,00 | 1.821.819,00 | 4.803.228,00 | 2.783.409,00 | 1.996.553,00 |
| 7133 | Данок на промет на недвижности и права | 23.787.555,00 | 29.014.115,00 | 31.667.571,00 | 23.261.485,00 | 24.320.382,00 |
| 717111 | Комунална такса за привремен престој | 274.048,00 | 29.920,00 | 28.109,00 | 12.928,00 | 10.560,00 |
| 717112 | Комунална такса за истакн.фирма | 1.105.500,00 | 1.206.104,00 | 773.500,00 | 596.300,00 | 935.739,00 |
| 717115 | Комун.такса за кор.на улици со патн. и товар.возила што се плаќа при регистрација | 582.860,00 | 518.117,00 | 987.336,00 | 364.740,00 | 713.390,00 |
| 717116 | Комунална такса - јавно осветлување | 8.187.394,00 | 6.947.213,00 | 598.169,00 | 5.375.339,00 | 5.176.560,00 |
| 717137 | Надоместок од уредување на градежно земјиште | 11.638.695,00 | 6.843.190,00 | 21.833.008,00 | 10.300.731,00 | 6.845.120,00 |
| 718 | Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 47.402,00 | 33.372,00 | 2.974,00 | 23.521,00 | 167.349,00 |
| ***Вкупни даночни приходи*** | | ***58.608.658,00*** | ***51.946.393,00*** | ***66.119.640,00*** | ***47.764.234,00*** | ***44.545.567*** |

Табела бр. 3 Даночни приходи




Графикон бр. 3 Даночни приходи 2022

Даночните приходи претставуваат сопствени извори на приходи кои ги опфаќаат приходите од данок на доход, даноците на имот ( данок на имот, данок на наследсво и подарок и данок на промет на недвижности и права), даноци на специфични услуги ( надоместок за уредување на градежно земјиште, комунална такса за јавно осветлување, ком.такса – фирмарина и др.ком.такси). Од графикон бр.3 и направената анализа на даночните приходи можеме да заклучиме дека во текот на 2023 година најголемо учество во даночните приходи имаат приходите остварени од данок на промет на недвижности. Во табелата бр.3 е прикажана споредбена анализа на остварувањето на даночните приходи во изминитатите 5 години односно остварувањето на даночните приходите од 2019 до 2023 година. Во 2023 година остварувањето на даночните приходи е зголеменоно за 32 % во однос на 2019 година.

| 72 | Nedano~ni prihodi | 2023 | 2022 | 2021 | 2020 | 2019 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 722 | Такси и надоместоци | 627.429,00 | 507.585,00 | 733.107 | 572.042 | 396.729 |
| 725 | Други недано~ни приходи | 167.178,00 | 104.058,00 | 0 | 0 | 0 |

Табела бр.4 Неданочни приходи




Графикон бр. 4 Неданочни приходи

Неданочните приходи претставуваат сопствени извори на приходи кои ги опфаќаат локалните такси и надоместоци. Остварувањето на неданочните приходи во однос на минатата 2022 година бележат пораст за 30%.

| 73 | ***Kapitalni prihodi*** | ***2023*** | ***2022*** | ***2021*** | ***2020*** | ***2019*** |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 733 | Надоместок за експлоатација на минерални суровини | 3.981.422,00 | 3.562.801,00 | 4.055.258,00 | 3.664.473,00 | 3.041.798,00 |
| 733 | Приход од продажба и закуп на земјиште | 491.108,00 | 4.583.414,00 | 4.177,00 | 4.177,00 | 17.958,00 |
| 733 | Надомест за бесправни објекти | 649.444,00 | 269.108,00 | 4.353.575,00 | 254.327,00 | 792.267,00 |
| ***Vkupno kapitalni prihodi*** | | ***5.121.974,00*** | ***8.415.323,00*** | ***8.413.010,00*** | ***3.922.977,00*** | ***3.852.023*** |

Табела бр.5 Капитални приходи




Графикон бр. 5 Капитални приходи

Капиталните приходи претставуваат сопствени извори на приходи кои ги опфаќаат приходите од надоместок за експлоатација на минерални суровини, приходи од продажба и закуп на земјиште и надомест за беспрaвни објекти. Од табелата бр.5 , во која се прикажани податоци за остварени приходи во изминатите пет години можеме да заклучиме дека приходите остварени од капитални приходи бележат опаѓање во однос на минатата година.

## 2.2 РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА

| | | 2023 | 2022 | 2021 износ | процент на учество |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Плати, наемнини и надоместоци | 16.471.328,00 | 14.382.356,00 | 13.124.748,00 | 23,15% |
| 41 | Резерви и недефинирани расходи | 331.000,00 | 125.000,00 | 15.000,00 | 0,47% |
| 42 | Стоки и други услуги | 23.039.527,00 | 21.857.397,00 | 14.412.495,00 | 32,38% |
| 46 | Субвенции и трансфери | 1.991.052,00 | 1.023.168,00 | 1.904.768,00 | 2,80% |
| 48 | Капитални расходи | 29.322.348,00 | 37.605.282,00 | 68.662.886,00 | 41,21% |
| | Се вкупно | 71.155.255,00 | 74.993.203,00 | 98.119.897,00 | 100,00% |

Табела бр.6 Расходи за 2023




Графикон бр.6 Расходи 2022

Од графиконот бр.6 може да заклучиме дека од вкупно извршените расходи 41,21% се извршени за капитални расходи, што покажува дека општината најголем дел од буџетот троши за реализирање на капитални инвестиции додека помал дел троши за тековно оперативни расходи од кои за плати и надоместоци 23,15% и за стоки и други услуги 32,38%.

## 2.3 БУЏЕТ НА БЛОК ДОТАЦИИ

| БЛОК ДОТАЦИИ 2023 | | | ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ | КУЛТУРА | ДЕТСКА ГРАДИНКА |
|---|---|---|---|---|---|
| 40 | Плати, наемнини и надоместоци | 67.246.129,00 | 59.483.843,00 | 2.040.182,00 | 5.722.104,00 |
| 41 | Резерви и недефинирани расходи | 0,00 | | | 0,00 |
| 42 | Стоки и други услуги | 19.824.765,00 | 17.895.244,00 | 1.285.495,00 | 644.026,00 |
| 48 | Капитални расходи | 0,00 | | | 0,00 |
| Се вкупно | | 87.070.894,00 | 77.379.087,00 | 3.325.677,00 | 6.366.130,00 |

Буџетот на блок дотации е годишен план на приходите од дотации и одобрените средства кои се користат за финансирање на надлежностите на општината, за финансирање на конкретна намена, надлежност, програми и инвестициони проекти. Со реализирањето на финансиката децентрализација во Република Северна Македонија, Општина Чучер Сандево ги има превземено надлежностите за основно образование, култура и детска заштита.
Вкупниот извршен буџет на блок дотации изнесува 87.070.894,00 денари. Од вкупниот буџет на блок дотации 67.246.129,00 денари се извршени за плати на вработените во основно образование, култура и детска заштита, 19..824.765,00 денари се извршени за тековно одржување во основно образование, култура и детска заштита..
Од вкупниот буџет на блок дотации за надлежност основно образование извршени се 77.379.087,00 денари додека за надлежноста култура извршени се 3.325.677,00 денари, за надлежност детска заштита 6.366.130,00 денари.

## 3. ИЗВЕШТАЈ ЗА СРЕДСТВАТА, ПОБАРУВАЊАТА, ОБВРСКИТЕ И ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВА И НИВНАТА ВРЕДНОСТ

Општината покрај изработка на билансот на приходи и расходи изготвува и биланс на состојба. Во билансот на состојба се прикажуваат средствата, побарувањата и изворите на средства. Со цел пореално прикажување на ставките во билансот на состојба Градоначалникот на Општина Чучер Сандево формираше комисија за вршење на годишен попис на средствата, изворите на средствата, побарувањата и обврските. Годишниот попис за 2023 година е извршен согласно Правилникот за сметководство за буџетите и буџетските корисници.

## ПОБАРУВАЊА

Општина Чучер Сандево во сметководствената евиденција води побарувања по разни основи аналитички разложени по соодветни конта. Од анализата на побарувањата, Комисијата констатира дека вкупно книжени и неплатени односно нереализирани побарувања со состојба на 31.12.2023 година се евидентирани на следните билансни позиции :

Преглед на побарувања на ден 31.12.2023 година

| ставка | опис на побарување | износ |
|---|---|---|
| 122001 | Побарувања - изработка на просторни и урбанистички планови | 0,00 |
| 122002 | Побарувања од физички/правни лица надомест за уредување на градежно земјиште | -201.974,00 |
| 122003 | Побарувања од физички лица за данок на имот | 10.421.411,00 |
| 122004 | Побарувања од правни лица за данок на имот | 4.015.101,00 |
| 122005 | Побарувања за комунална такса за фирма | 9.492.001,00 |
| 122006 | Побарува – данок на промет на недвижности | 12.355.601,00 |
| 122007 | Побарувања од физички/правни лица за данок на наследство и подарок | 7.867.310,00 |
| 122010 | Побарувања за комунална такса – трговец поединец | 941.529,00 |
| 122025 | Побарувања – бес.објекти (легализација) | 2.419.697,00 |
| ВКУПНО | | 47.310.676,00 |

Вкупно побарувања по сите основи 47.310.676,00 денари

**<u>122002 – Побарувања од физички/правни лица за надомест за уредување на градежно земјиште</u>**

Побарувањата од правни и физички лица кои отпочнале постапка за добивање на одобрение за градење а кои се евидентирани на сметката надомест за уредување на градежно земјиште. На крајот на извештајниот период 31.12.2023 година евидентирани се вкупно 201.974,00 денари ненаплатени побарувања.

**<u>122003 – Побарувања по основ на даноци на имот</u>**
**<u>122005 - Побарувања за комунална такса за фирма</u>**

Побарувањата за данок на имот и фирмарина се евидентираат на крајот од извештајниот период според добиениот преглед од референтот за даноци и комунални такси. На крајот на извештајниот период 31.12.2023 година евидентирани се вкупно 47.310.676,00 денари. Данок на промет на недвижности и права во износ од 12.355.601,00 денари ненаплатени побарувања и од данок за налседство и подарок 7.867.310,00 денари.

**<u>122025 – Побарувања за беспарвно изградени објекти - легализација</u>**

Побарувања за поднесени барања за отпочнување на постапка за легализација на бесправно изградени објекти. На крајот на извештајниот период 31.12.2023 година евидентирани се вкупно 2.419.697,00 денари.

**ОБВРСКИ**

Општина Чучер Сандево во сметководствената евиденција води обврски по разни основи аналитички разложени по соодветни конта и тоа :

- 2200 – Добавувачи во земјата
- 2380 – Други обврски
- 281-285 – Обврски за плати и надоместоци

Од сметководствената документација се забележува дека обврските се книжени врз основа на веродостојни финансиски документи (времени ситуации, фактури, решение, пресметки и др.) и за оние обврски за кои по сила на закон се пресметува персонален данок истиот е пресметан и платен. Евидентираните бруто неплатени обврски на Општина Чучер Сандево заклучно со 31.12.2023 година се во вкупен износ од 4.789.171,00 денари се групирани на краткорочни и долгорочни обврски. Комисијата ги констатира следните состојби на неплатени обврски :

| ставка | опис на побарување | долговен износ |
|---|---|---|
| 2200 | Добавувачи во земјата | 2.032.061,00 |
| 2203 | Обврски према добавувачи за отпис | 2.299.318,00 |
| 2380 | Други обврски | 0,00 |
| 281-285 | Обврски за плати ипридонеси од плати | 457.792,00 |
| | **ВКУПНО** | **4.789.171,00** |

Со пописот на побарувањата и обврските во Општина Чучер Сандево, Комисијата утврди дека во сметководствената евиденција во Одделението за финансики прашања се прокнижени сите финансиски документи и документите кои продуцирале побарување или обврска на општината. Со пописот на побарувањата и обврските, Комисијата констатира дека не се најдени нови или непрокнижени побарувања и обврски.

## ИНВЕСТИЦИИ ВО ТЕК

Одделението за финансики прашања во сметководството евидентира капитални вложувања кои се отпочнати со изградба и до крајот на пресметковната 2023 година сеуште не се завршени. Овие капитални вложувања во сметководствената евиденција се водат на ставката 030 – инвестиции во тек. Од приложената документација Комисијата констатира дека на 31.12.2023 година, сметката 030 има состојба во вкупен износ од 6.007.919,00 денари. Овие инвестиции во тек се однесуваат за изградба на монтажно училиште во село Долно Блаце, изградба на бунари Кучевиште и Бањани со цевковод до резервоар и инвестиции во тек во опрема за улично осветлување.

## 4. ИЗВЕШТАЈ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ИНВЕСТИЦИОНИ ПРОГРАМИ

Општина Чучер Сандево во текот на 2023 година ги реализираше следните инвестициони програми :

- JD – Изградба и реконструкција на локални патишта и улици

  Согласно програмата за изградба и реконструкција на локални улици и патишта потрошени се 5.080.827,00 денари.

- JI – Изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води

  Согласно програмата за изградба на системи за одведување и пречистување на отпадни води потрошени се 2.742.696,00 денари.

- JG Изградба на системи за водоснабдување

  Согласно програмата за изградба на системи за водоснабдување потрошени се 6.127.813,00 денари.

## 5. ИЗВЕШТАЈ ЗА КОРИСТЕЊЕТО НА ФИНАНСИСКИТЕ СРЕДСТВА ОД ТЕКОВНИ РЕЗЕРВИ

Согласно Законот за финансирање на единиците на локална самоуправа во буџетот на општината за финансирање на непланираните или помалку планирани расходи можат да се планираат средства како постојана и тековна

резерва. Постојаната и тековната резерва не можат да надминат 3% од вкупно планираните средства во основниот буџет на општината. За користењето на средствата од резервите одлучува Советот на општината, додека Градоначалникот може да одлучува за користењето на средствата од тековните резерви до износ најмногу од 50,000.00 денари. Средствата од резервите се користат за покривање на расходи во случај на виша сила, елементарни непогоди и други непредвидливи случаеви.
Во Буџетот на Општина Чучер Сандево средствата за резерви се планирани на ставката 412 програма А0 – Совет на општина во вкупен износ од 300,000.00, на ставката 413 рограма А0 – Совет на општина во вкупен износ од 80.000,00 и на ставка 413 програма D0 – Градоначалник во вкупен износ од 50,000.00 денари. Од предвидените средства за резерви во текот на 2023 година потрошени се вкупно 81.000,00 денари, од ставката 413 програма А0 – Совет на општина,од ставката 413 програма – D0 Градоначалник.. Средствата од тековни резерви од програма А0 се исплатени: на четири лица како едноктарна парична помош во износ од  од 41.000,00. Средствата од тековни резерви програма Д0 се исплатени на две лица во висина од 30,000.00 денари за помош при смрт на член на семејство на вработени во општински основни училишта и вработени во општината и на едно лице како еднократна парична помош..

## 6. ИЗВЕШТАЈ ОД ОДГОВОРНИОТ СМЕТКОВОДИТЕЛ

Сметководствената евиденција во Општина Чучер Сандево се води во согласност со Законот за сметководство на буџетите и буџетските корисници и прифатените сметководствени политики и сметководствени стандарди. Во сметководството се обезбедуваат податоци поединечно по сите видови приходии и други видови приливи и за расходите и другите одливи.

Податоците во годишната (завршна) сметка на Општина Чучер Сандево за сите сметки го искажуваат реалното трошење на средствата по програми, потпрограми и намени, како и остварувањето на сите приходи по сметки, потсметки и по видови приходи. Врз основа на веродостојна и целосна документација се врши евидентирање на финансиската документација во сметководствениот систем.

Во согласност со Законот за внатрешна финансиска контрола воспоставени се пишани процедури за движење на документите, нивна контрола и евидентирање во сметководството на Општина Чучер Сандево.

Одделение за финансиски прашања

## БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2023

| Опис на позицијата | 2022 | 2023 |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Даночни приходи | 51,946,393 | 58,608,658 |
| Неданочни приходи | 611,643 | 796,057 |
| Капитални приходи | 8,415,323 | 5,121,974 |
| Трансфери и донации | 26,006,162 | 27,965,623 |
| **Вкупно приходи** | **86,979,521** | **92,492,312** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Плати, наемнини и надомести | 14,382,356 | 16,471,328 |
| Резерви и недефинирани расходи | 125,000 | 331,000 |
| Стоки и услуги | 21,857,397 | 23,039,527 |
| Субвенции и трансфери | 1.023.168 | 1.991,052 |
| **Вкупно тековни расходи** | **37,387,921** | **41,832,907** |
| **Капитални расходи** | 37,605,282 | 29,322,348 |
| **Вкупно расходи** | **77,401,943** | **71,155,255** |
| **Суфицит (вишок) на приходи** | **9.577,578** | **21.337.057** |

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31 ДЕКЕМВРИ 2023

| Опис на позицијата | 2022 | 2023 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Активни временски разграничувања | 8,136,036 | 5,996,866 |
| **Вкупно тековни средства** | **8,136,036** | **5,996,866** |
| **Постојани средства** | | |
| Материјални добра и природни богатства | 3,702,126 | 3,702,126 |
| Материјални средства | 290,988,026 | 274,263,936 |
| **Вкупно постојани средства** | **290,988,026** | **271,958,143** |
| **Вкупна актива** | **351,056,838** | **283,962,928** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Краткорочни обврски спрема добавувачи | 6,943,505 | 4,508,079 |
| Краткорочни обврски за плати и други обврски спрема вработените | 1.037,374 | 1.488,787 |
| Пасивни временски разграничувања | 4.727.254 | 6.007.919 |
| **Вкупно тековни обврски** | **12,857,832** | **12,004,785** |
| **Извори на средства** | | |
| Извори на капитални средства | 260,551,343 | 271,958,143 |
| **Вкупно извори на деловни средства** | **260,551,343** | **271,958,143** |
| **Вкупна пасива** | **316,915,659** | **283,962,928** |

Бр. 09 - 379/1
од 07.03.2024 година

Изработил
Виолета Џеповска_______________

ОПШТИНА ЧУЧЕР САНДЕВО
Градоначалник
Сашко Комненовиќ с.р